# МЕДИУМИТЕ КАКО НУЖНОСТ ВО ПОДДРШКАТА ЗА ЧЛЕНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО

д-р *Емилија* **СИМОСКА,**

Институт за политички, социолошки и правни истражувања

# Рејтингот на НАТО во Република Македонија

Во нашата јавност е вообичаено кога станува збор за "рејтингот" на НАТО, прашањето да се сведува речиси исклучиво на популарноста на оваа меѓународна институција меѓу граѓаните во Републиката. Меѓутоа, споменатата категорија е многу покомплексна и содржи неколку димензии: Пред се, тука е прашањето колку граѓаните, всушност, знаат што е НАТО и колкав е неговиот рејтинг како институција во општи рамки. Потоа, зошто е членството во НАТО битно за Македонија и што Македонија треба да направи за да ги исполни условите за прием. Дури потоа можеме да го операционализираме прашањето за односот на граѓаните кон НАТО и нивната желба за асоцијација.

Иако во земјава се правени бројни истражувања на оваа тема, во овој труд ќе бидат презентирани исклучиво податоците од повеќе сондажи на јавното мислење спроведени од страна на Центарот за етнички и безбедносни прашања, при Институтот за социолошки истражувања, заради еднаквата употребена методологија што дава можност за валидна компарација. Во нив се содржани споменатите сегменти кои укажуваат како на позицијата на НАТО од аспект на ставовите на граѓаните, така и на нивните аспирации и очекувања.

Прашањето за рејтингот на НАТО, како, впрочем, и на другите меѓународни институции, во јавноста разбуди позабележително внимание во периодот од 1999 до 2001 година, заради интересот податоците да се компарираат во времето пред конфликтот во Македонија и потоа. Сепак, би било некоректно хронологијата да ја делиме на ваков начин, имплицирајќи дека вредностите и ставовите на граѓаните почнуваат да се обликуваат токму во конфликтниот момент, заради што е неопходно односот кон НАТО да го погледнеме во една поширока временска рамка.

Бројни истражувања кои се правеа на самите почетоци на функционирањето на Република Македонија како независна држава, покажуваат дека во овој период граѓаните не се интересираа премногу за безбедноста, особено од аспект на колективните системи. Во првото истражување по независноста на пример, членството во НАТО како аспирација беше најретко споменувано, не заради нискиот рејтинг на

институцијата, туку заради тоа што интересот на граѓаните беше насочен кон други меѓународни институции каде се водеше битка за признавање на земјата (ОН, ЕУ и сл.). Многу граѓани во анкетите покажаа недоволно познавање за тоа што е НАТО воопшто, кои земји се членки или зошто членството во НАТО би било битно за Македонија. На Алијансата повеќе се гледаше како на некаков општ концепт за безбедност, со релации кои граѓаните главно не ги врзуваа за Македонија. Така, на едно стандардно прашање за тоа која институција може најмногу да и помогне на Македонија, во 1992 и 1993 година, минимален број граѓани (од сите етнички групи) го спомenale НАТО, иако во истите истражувања, околу 60% од споменатата популација изразиле желба за членство во него. Овие и слични ставови беа искажувани повеќе како препознавање на одредена политичка реторика, или сегмент од програмите на политичките партии, иако и таму овој проблем не беше доминантен.

Сличен тренд се забележува уште неколку години потоа, со благ позитивен пораст на информираноста за НАТО во 1995 година, околу потпишувањето на Партнерството за мир, што повеќе се должи на присутноста во медиумите одошто на промена во ставовите и приоритетите.

Вистинските варијации во ставовите, всушност, почнуваат во периодот пред и за време на интервенцијата во Југославија. Кај граѓаните на Македонија за прв пат НАТО не е веќе фраза од програмите на политичките партии или хипотетска аспирација, туку добива реален лик, како институција која може да иницира конкретна акција која би се рефлектирала и на внатрешните односи во земјата. Во овој период се појавија многу истражувања, како домашни, така и меѓународни, заради тоа што и меѓународната заедница за прв пат покажа зголемен интерес за перцепцијата на НАТО во Македонија. За жал, голем дел од нив беа исполитизирани, сугестивни, со однапред подготвени заклучоци, заради што во јавноста се експлоатираше теза дека македонските граѓани, особено етничките Македонци се против членството во НАТО. Неспорно е дека во односот кон НАТО имаше промени во негативна смисла. Меѓутоа ова повеќе произлегуваше од прашањето дали НАТО треба да презема акции како онаа во Југославија (што впрочем се појави како проблем и кај граѓаните од земјите кои се НАТО - членки), одколку дали Македонија треба да се стреми кон членство во оваа институција. Заради тоа дел од аналитичарите кои оперираа со податок дека кај нас веќе нема ни една четвртина граѓанска поддршка за НАТО, всушност сосема дилетантски го идентификуваа односот кон бомбардирањето на Југославија со важноста на НАТО за Македонија. Фактички, кога овие две прашања ќе се поделат, сликата е сосема поинаква. Имено, податоците од истражувањата на Институтот покажуваат дека и покрај сложениот контекст, почнувајќи од честата медиумска необјективност, па се до објективниот страв кај граѓаните за можните рефлексии од оваа криза врз Македонија, сепак рејтингот на НАТО, иако опаднат, не се спуштил под 50%.

Критичната фаза во мерењата на рејтингот на НАТО е всушност врзана за конфликтот во Македонија од 2001 година. При тоа се забележува интересен и ретко манифестиран тренд на мошне радикални промени на расположението на граѓаните

во сосема куси временски интервали. Така на пример, во март-април 2001 година, кај граѓаните доминира перцепцијата за пристрасност на НАТО кон една од конфлитните страни. Имено, над 90% и од Албанците и од Македонците тврдат дека "НАТО им помага на Албанците", додека кај повеќе од половина од македонската популација , се среќава и ставот дека НАТО има сопствена одговорност и за иницирање на конфликтот. Логично е што во тој контекст, желбата за членство во НАТО опаѓа, особено кај Македонците, кај кои изнесува 46%, за разлика од албанската популација, каде ваквиот процент се движи и над 80%. (Ставовите на другите етнички групи се сосема слични со оние на Македонците, но заради нивната помала статистичка застапеност во примерокот, не даваат релевантна основа за компарација и нема да бидат прикажани.)

Меѓутоа, веќе во мај 2001, прашањето за одговорноста за конфликтот се префрла на домашен план. Кај граѓаните почнува да доминира ставот дека за кризата е одговорна македонската политика, додека решенијата на конфликтот се повеќе почнуваат да се бараат во меѓународните институции. Консеквентно на тоа и желбата за членство расте, со тоа што мотивацијата кај Македонците и Албанците е различна. Поточно, додека Македонците веруваат дека како НАТО членка Македонија би имала поголема заштита на границите, особено од напад од друга држава, Албанците во оваа институција гледаат гарант против избивање на меѓуетнички судири внатре во земјата. Следниве три табели мерено во мај 2001г., од аспект на можните придобивки или загуба подетално го прикажуваат ова расположение на граѓаните, за Републиката со нејзиното членство во НАТО.

Табела 1 **САКАТЕ ЛИ МАКЕДОНИЈА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Да | 62,5% | 78% |
| Не | 20,2% | 3,6% |
| Не знам | 17,4% | 18,4% |

Табела 2 **ШТО БИ ДОБИЛА МАКЕДОНИЈА КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Поголема заштита на границите | 24,36% | 16,33% |
| Гаранција за заштита од напад од друга држава | 24,93% | 15,56% |
| Гаранција дека нема да избијат меѓуетнички судири | 9% | 42,86% |
| ќе се подобри материјално-техничката состојба на АРМ | 8,72% | 5,61% |
| не би добила ништо | 16,87% | 2,04% |
| друго | 0,38% | 0,00% |
| не знам | 15,73% | 17,60% |

Табела 3 **ШТО БИ ЗАГУБИЛА МАКЕДОНИЈА КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Можност за сопствено одлучување за одбраната на земјата | 16,87% | 5,36% |
| Би се зголемиле трошоците за одбрана | 12,04% | 7,40% |
| Пријателските односи со земји кои не се членки на НАТО | 8,25% | 5,87% |
| друго | 0,38% | 0,26% |
| не би загубила ништо | 37,82% | 59,69% |
| не знам | 24,64% | 21,43% |

Во овој период, на општата скала на популарност на меѓународните институции, НАТО не котира многу високо и е видно зад Обединетите нации, Светската банка и Европската унија. Истиот сооднос се задржува и до крајот на 2001 година:

Табела 4 (октомври 2001) **КОЈА МЕЃУНАРОДНА ИНСТИТУЦИЈА МОЖЕ НАЈМНОГУ ДА Ѝ ПОМОГНЕ НА МАКЕДОНИЈА?**

| | |
|---|---|
| ЕУ | 21,77% |
| Ниедна | 21,2 |
| Светска Банка | 17,10% |
| ОН | 10,82% |
| НАТО | 9,70% |
| ММФ | 7,46% |
| ОБСЕ | 1,06% |
| Немаат став | 11,07% |

Евидентно е дека македонските граѓани предимство им даваат на институциите за кои ја врзуваат економската помош, што се должи на податокот дека од овој период, па сè до последните истражувања, економските проблеми се први на ранг-листата на грижи на населението, независно од етничката припадност. Сепак, тоа не значи дека членството во НАТО губи во значење, што го покажуваат и следниве две табели, со податоци од октомври 2001г.

Табела 5 **КОЛКУ ЗА МАКЕДОНИЈА Е БИТНО ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО?**

| | |
|---|---|
| Клучно | 32,70% |
| Пожелно | 34,90% |
| Прифатливо | 12,30% |
| Може да се толерира | 12,30% |
| Неприфатливо | 11,50% |

Табела 6 **САКАТЕ ЛИ МАКЕДОНИЈА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Да | 53,2% | 84% |
| Не | 33,0% | 7,5% |
| Не знам | 13,7% | 8,3% |

Делумниот пад на желбата за членство кај Македонците во однос на месец мај истата година, веројатно кореспондира со општото незадоволство кон сите меѓународни институции, карактеристично за периодот околу потпишувањето на рамковниот договор. Меѓутоа веќе после 5-6 месеци, во една порелаксирана атмосфера, рејтингот на НАТО бележи позитивен тренд, а членството во него е третирано како приоритет за над 80% од македонските граѓани, независно од етничката припадност, што се гледа од следнава табела со податоци од јули 2002г.

Табела 7: **КОЛКУ Е ЗА МАКЕДОНИЈА ЗНАЧАЈНО ЗАЧЛЕНУВАЊЕТО ВО НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Воопшто не е значајно | 4,2% | 0,7% |
| Малку е значајно | 10,00% | 2,9% |
| Значајно е | 26,1% | 16,1% |
| Многу е значајно | 19,6% | 22,3% |
| Од огромно значење е | 40,2% | 58% |

Шест месеци подоцна, по парламентарните избори, во декември 2002, и покрај окупираноста на граѓаните со економската криза, околу 60% од популацијата сметале дека за новоизбраната влада работата на зачленувањето на Македонија во НАТО е од големо значење.

Од последното истражување кое ќе биде презентирано, работено во март/ април 2003, се гледа дека рејтингот на НАТО значително се подобрува.

Табела 8 **САКАТЕ ЛИ МАКЕДОНИЈА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Да | 59% | 84% |
| Не | 24% | 7% |
| Немаат став | 17% | 9% |

Поконкретно за причините за ваквиот став, говорат следниве податоци од март 2003г.:

Табела 9 **ШТО МАКЕДОНИЈА БИ ДОБИЛА КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Заштита на територијата и суверенитетот | 29,7% | 32,2% |
| Гаранција за заштита од напад од друга држава | 20,2% | 27,8% |
| Гаранција дека нема да избијат меѓуетнички судири | 9,3% | 24,8% |
| ќе се подобри материјално-техничката состојба на АРМ | 9,7% | 7,0% |
| не би добила ништо | 26% | 2,0% |
| немаат став | 4,3% | 6,7% |

Табела 10 **ШТО МАКЕДОНИЈА БИ ЗАГУБИЛА КАКО ЧЛЕНКА НА НАТО?**

| | Македонци | Албанци |
|---|---|---|
| Можност за независно одлучување за одбраната | 39,87% | 19,3% |
| Би се зголемиле трошоците за одбрана | 21,7% | 21,9% |
| Друго | 0,8% | 4,1% |
| не би загубила ништо | 29,6% | 45% |
| немаат став | 8,9% | 9,6% |

Евидентно е дека вниманието во овој период повеќе е насочено кон заштитата на границите и суверенитетот одошто кон внатрешните конфликти, а ваквата промена на ставот е особено воочлива кај Албанците.

Наспроти, позитивниот однос, реалните очекувања на граѓаните за влез во НАТО не се големи. Имено, 19% од нив сметаат дека Македонија никогаш нема да стане членка на НАТО; 49% веруваат дека ќе стане, но не наскоро, додека бројот на оптимистите кои очекуваат брз влез е 17%.

Интересно во сите истражувања е што огромен дел од граѓаните се убедени дека членството на Македонија во НАТО ќе биде резултат на политичка одлука. Мал е бројот кој е свесен дека оваа асоцијација бара и претходно исполнување на одредени услови, а уште помалубројни се оние кои се свесни за тежината на реформите. Колку за илустрација, просечниот македонски граѓанин верува дека е полесно да се трансформира армија, одошто да се произведе јаболко по стандардите на ЕУ. Заради тоа е и убеденоста дека нашето зачленување во НАТО доминантно зависи од политичката волја на таа институција, односно, нејзините членки.

Од сите истражувања се наметнува заклучок дека главниот проблем во Македонија не е позитивниот однос кон НАТО или желбата за членство, туку свеста за тоа што значи овој процес, што треба претходно да се постигне, или сумирано, кои се нашите сопствени одговорности на тој план, имајки предвид дека информираноста на населението е навистина слаба. Во таа смисла, сите планирани кампањи во оваа сфера, треба да започнат со запознавање на граѓаните со двете клучни прашања: Што е НАТО и што треба да се постигне за да се биде негов член. Дури потоа, предмет на кампања може да стане подигнување на желбата за членство, која и онака во ниту еден момент не паднала под референдумскиот праг. Сето тоа мора да се планира со нужен респект кон менталитетот и вредносната матрица на граѓаните. Пред сè, за да се одбегнат заклучоци како оние на различни злонамерни регионални истражувања кои во последно време не убедуваат дека Македонците се против евроатлантските асоцијации, затоа што "немаат доверба во нив", иако е познато дека зборот "доверба" кај Македонците буди негативен однос заради чувството на негрижа на меѓународната заедница кон Македонија кое датира од проблемите со признавањето на државата и нема никаква врска со желбата за членство во НАТО.

д-р Назми
**МАЛИЌИ,**

Евроатлански клуб

# Медиумската политика и афирмацијата на интеграциските процеси за приближување на Република Македонија кон НАТО

За евроатланатските интеграциски процеси, поточно за интеграција на Република Македонија во НАТО, истражувачкото поле се проширува и се вклучува и улогата на медиумите при формирањето на јавното мислење, вклучување на јавното мислење секаде во земјата, преку влијанието на социолошките сондажи во политичкиот живот и политичкото однесување на граѓаните за ова прашање.

Во однос на интегрирање на Република Македонија во НАТО, медиумите во земјата се поделени, повеќето според поврзаноста со владините структури или партиите кои се на власт. Содржините од областа на односите со јавноста за потребата за приближување на Македоноија кон НАТО, треба да се темелат врз уставно-правните и законските одредби во врска со правото и потребата за транспарентност и достапност на правовремени, потполни, прецизни и постојани информации кои ги разјаснуваат развојот на активностите на Владата на РМ, односно на активностите на Министерството за одбрана, Министресството за внатрешни работи за ова прашање, кои се во интерес на граѓаните кои воедно можат да се третираат и како државни интереси. Во тој контекст преку медиумите можат да се објаснат целите на меѓународната соработка и активности на Владата на РМ за членување на Република Македонија во НАТО, во настојувањата за имплементирање на НАТО стандардите, кои имаат и свое значење во зачувувањето и зацврстувањето на мирот и стабилноста во земјата и во непосредното опкружување и Регионот.

"Медиумската политика[1] за афирмација на евроатлантските интеграциските процеси е важен посредник меѓу државните институции и јавноста, заради што претставува значаен инструмент за комуникација и градење доверба или недоверба за случувањата и за приближувањето на Македонија кон НАТО. Политичкиот процес

[1]К. Добрин, Политички менаџмент, стр.163, Фондација Фридрх Еберт, Скопје, 2003

за приближување на Македонија кон НАТО треба да се гради според современите европски и НАТО стандарди притоа знаејќи дека патот кон НАТО интегрирањето секако е сложен, бидејќи претпоставува постојано и насочено ангажирање во политичкото, економско-социјалното и правно-институционалното реформирање на земјата согласно со критериумите поставени од НАТО за што е неопходно и брзо довршување на процесот на нејзината внатрешна стабилизација. Преку медиумската политика и афирмација на потребата за приближување на Републиа Македонија може да се појаснува и градењето на внатрешните безбедносни и политичките односи (2001-2003) кои се поврзани со "влијанието на НАТО за враќање на мирот во земјата."[2] Во тој контекст можат да следат и појаснувањата што значи приближувањето на Република Македонија кон НАТО, во најопшта смисла? Како го гледаат неговото значење различни субјекти во државата и граѓаните, кога станува збор за заштита на територијалниот интегритет и суверенитетот на земјата, членување на Република Макеонија во НАТО, внатрешната интеграција во државните структури на граѓаните, внатрешната стабилност, мирот, меѓуетничките односи и унапредувањето на демократските процеси? Реформите во безбедносните структури и "односот на политичките партии (партиските интереси) кон ова прашање."[3] Како гледаат медиумите кон прашањето, ако се има предвид дека само половина од граѓаните-испитаници, (резултатите се добиени од истражувањето на ИСППИ[4]), слични резулатите се добиени и во некои други истражувања), сметаат дека земјава треба да биде членка на НАТО (таа поделеност на разлика на мислење се појавува и според националната припадност, меѓу Македонците и Албанците). Или за дилемата при прашањето кое е значењето на проширувањето на НАТО во Југоисточна Европа без Македонија? Што добива Република Македонија ако не биде членка на НАТО? За одговорот на овие прашања постои оправдана дилема дека преку медиумите, а со тоа преку официјалната политиката на Република Македонија, не е даден јасен одговор или појаснување за улогата на НАТО за враќање на мирот од "конфликтите и другите настани во Југоисточна Европа од 1990 година"[5] до денес, "настани кои имале влијание и во Република Македонија" и за "улогата на НАТО за враќање на мирот во Република Македонија."[6]

Во одреден период, (1999 - 2001) преку медиумите од извесни политички актери (на власт и во опозиција) дури и се сугерираше да не се почитува, од страна на политичарите од државните структури договореното или реченото за политиката на

[2] Списание, Политичка мисла (2), Н. Малиќи, Приближување на Македонија кон НАТО и реформите во безбедносниот сектор како фактор за внатрешна стабилност, стр. 29-35, Фондација Конрад Аденауер, Скопје, 2003

[3] О. Бакрески, Државните органи и одбраната, стр. 126, Македонска ризница, Куманово, 2002

[4] Списание Одбрана, бр. 86, Министерство за одбрана, јуни 2003, Скопје; Истражување на Институт за социлошки и политичко-правни истражувања, Скопје

[5] Muhamedin Kulashi, Përplasja e identiteve, str. 75-161, Dugagjini, Prishtinë, 2003

[6] Етничкиот соживот во постконфликтниот период, состојби и перспективи, Македонски центар за мир и евроатлантска интеграција, Скопје, 2003

НАТО. Истите, пак не нуделе доволно аргументи за трасирање патеки за долги стази за евроатланските интеграции. Или недостасува одлучноста за правилна ориједнтација кон НАТО и САД, кога власта нема своја јасна визија (или постои колебливост), намерно, (со нетранспрентноста) и се дава шанса да се актуализира правилото за влијанието на медиумите. Во тој контекст, без настапи или без нудење на аргументи од важни политички личности, со што се потврдува фактот дека медиумите со право можат сами да информираат за успехот или неуспехот на интеграциските процеси на Република Македонија кон НАТО.

Влијанието на медиумите за афирмација на интеграциските процеси за приближување на Република Македонија кон НАТО, сепак, треба да остане во доменот на слободното и независно информирање. Таков однос на медиумите треба да е и кога се во прашање стандардите за прием на Република Македонија во НАТО, значењето на имплементација на Охридскиот рамковен договор, за политичките промени или потребните реформи во политичкиот, економскиот и безбедносниот систем за кои граѓаните се мотивирани да бидат информирани. Имено, владините активности, отвореноста кон медиумите за активностите за приближување на Македонија кон НАТО и за имплементација на Рамковниот договор мора да се одржат преку целосна транспарентност во медиумите.

Кога станува збор за односот на интегрирање на Република Македонија во НАТО, и политиката и медиумите, ќе се задржиме на медиумската политика за афирмирање на теми кои се поврзани со евроатлантските интеграции од сознанијата добиени од Мониторингот на медиумите во Македонија - истражувања за август и ноември 2002 година.

За тематска структура на информациите која е во доменот на истражувањето, како пример се земени шест клучни области кои се поврзани и со проблематика која се однесува на приближувањето на Република Македонија кон НАТО (август 2002)[7]

*Меѓународната заедница во однос на РМ со теми*: Операцијата „Килибарна лисица" на НАТО, Активности на КФОР и УНМИК во контекст на кризата во РМ, вклученост на меѓународната заедница за олеснување/изнаоѓање политички решенија, интеграција на РМ во меѓународните структури, меѓународна финансиска помош за РМ и друго;

*Соседите и РМ со теми:* Регионална безбедност (Косовската криза, Јужна Србија и другите соседи во однос на кризата во РМ), Други нерешени прашања и проблеми со соседите (јазикот, името, границата), билатерална и мултилатерална соработка со соседите;

*Последици од конфликтите со теми:* Продолжување на воените дејства (ексцеси), животот и проблемите каде што беа борбите (враќање на бегалците, хуманитарна помош, реконструкција, безбедносни проблеми), кршење на човековите права

[7]Научен истражувачки проект, "Мониторинг на медиумите во Македонија" Меѓународен фонд за медиумите и Институт за социлошки и политичко-правни истражувања, Скопје, за август и ноември 2002

(протерувања, застрашувања, приведување, сослушување, физичка злоупотреба, одземање на имот) и друго;

*Внатрешно-политички настани со теми:* Рамковниот договор и неговата имплементација, Функционирање на извршната и законодавната власт, Амнестијата и интеграцијата на поранешните членови на ОНА во општеството, Реформи во полицијата, војската, администрацијата, локалната самоуправа, прашањето за албанскиот јазик, тетовскиот универзитет, пописот, активностите на политичките партии и друго.

Според резултатите добиени од ова истражување, во тематската структура е опфатен широк спектар актери кои се поделени во четири групи: домашни-поединечни (државни и воени службеници на национално и локално ниво, службеници во полицијата, политичари, експерти, интелектуалци, претставници на НВО, граѓани); домашни-колективни (државни органи на национално и локално ниво, војска, полиција, политички партии, други организации, обични граѓани); странски поединечни (службеници и претставници на меѓувладини институции - ООН, ОБСЕ, НАТО, ЕУ, одделни држави, воени службеници, претставници на НВО, експерти) и странски колективни (меѓународната заедница, меѓувладини институции, одделни држави, војска).

Гледано поединечно, во ноември 2002 година[8] вниманието и на ТВ станиците беше насочено на неколку клучни теми: внатрешно-политичките настани, животот и проблемите во подрачјата каде беа минатогодишните конфликти, економско-сицијалните прашања, реформите, активноста на политичките партии и функционирањето на извршната и законодавната власт.

Резултатите добиени од ова истражување го прикажуваат следниот преглед: повеќето весници се најатрактивни со социо - економските проблеми, реформи, корупција/криминал. Проблемите од внатрешно-политичкиот живот биле најмногу застапени во сите три весници на албански јазик, за изборите најмногу интерес покажал „Утрински", додека за прашањата поврзани за меѓународната заедница „Вечер" и „Факти". Во продолжение ќе ги презентираме сознанијата добиени за најфреквентните поединечни теми.

Според бројот на прилозите, застапени теми во „Дневник" за нерешените проблеми со соседите (4,5%), но тие не биле посебно најавувани на насловната страница. ВоУтрински весник нерешените прашања со соседите е тема за која најчесто се пишувало (13,4%), а потоа следат и за животот и проблемите каде што беа борбите (6,7%). Од овие теми најмногу најави на насловната страница имало за функционирањето на извршната и законодавната власт и за проблемите со соседите. Во „Вечер" се присутни прилози за активноста, за вклученоста на меѓународната заедница во решавање на проблемите (12,1%) итн. Од оваа последна тема има и најмногу најавени прилози на насловната страница. Во Вест голем број прилози се најавени на насловната страница за прашања од внатрешно-политичкиот живот. Најдолгиот прилог се однесува на животот во кризните подрачја.

[8]Ибидем

Во „Флака" тежиштето е ставено на темите од внатрешно-политичкиот живот за активноста на политичките партии (27,2%). Наредните три рангирани теми (Рамковниот договор, Функционирањето на извршната и законодавната власт и Проблемите во кризните подрачја) се застапени со само 6,2%. Околу 70% од најавите на овој весник се однесуваат на трите посочени теми од четвртата област. Во „Факти", исто така, се среќава една апсолутна доминација на темите кои се однесуваат на внатрешно-политичкиот живот во Македонија. Од другите теми би ги спомenале Меѓународната заедница во решавање на проблемите во Македонија (7,7%) и проблемите во кризните региони (5,8%). Во анализата на поединечните теми се укажува дека покрај економската ситуација во овој период се попопуларни стануваат темите за активноста на политичките партии и функционирањето на власта. Во анализата на мониторингот на медиумите за ноември 2002 година, во однос на интеграциските процеси најдолг прилог од медиумите на македонски јазик е во „Утрински весник" извештајот под наслов "НАТО се прошири, Македонија ќе чека" зборува за приемот на седум нови членки во Алијансата. Следниот текст по големина во истиот весник е под наслов "Брисел ќе не поттурне во НАТО" зборува за посетата на Џорџ Робертсон во РМ и за нашите шанси за влез во НАТО.

Според резултатите добиени од ова истражување, во неделникот на албански јазик „Лоби" (ноември 2002), како најдолги се издвојуваат неколку прилози. Првиот под наслов "Наместо етничка држава - европска интеграција" зборува за Конференцијата за етничките односи на Балканот одржана во Луцерн, Швајцарија, организирана од невладина американска организација. Вториот зборува за новата мисија на НАТО во Македонија, под наслов "Нови лисици- со скратена опашка?". Третиот напис под наслов "Сензационализмот вообичаено победник" е посветен на улогата на медиумите и на македонски и на албански јазик во конфликтот минатата година, а четвртиот насловен како "ЦЕИ е корисен, но не те носи директно во ЕУ" зборува за мерките што треба да се преземат во политичкиот и економскиот систем во државата како претпоставка за интеграција во ЕУ.[9]

Можеме да констатираме дека, нормативната рамка согласно со меѓународните стандарди за правилно информирање, е придонес и за демократскиот развој. Овој консензус треба да се одржува во живот "затоа што само ако поединецот или група, добие информации за решавачките одлуки или прашања"[10] би можел поодговорно да учествува во создавањето на јавната волја. Таков однос треба да се сочува и кога станува збор за внатрешно - политички настани во медиумите поврзани со евроатланските интеграции и за теми за имплементација на Рамковниот договор. Координирање на активности за приближување на Република Македонија кон НАТО и за "Имплементацијата на Рамковниот договор"[11] е обврска на релевантните

[9]Ибидем

[10] Подетално за ова кај М. Кунчик - А. Ципфел. Вовед во науката за публицистика и комуникации, стр. 67-74 , Скопје, 1998

[11] Збир, Si të implementohet marrëveshja e Ohrit, Unioni i intelegjencies shqiptare në Maqedoni dhe Fondacioni Friedrich Ebert- Shkup, 2003

политички субјекти, особено оние кои се на власт. Граѓаните од овие политички субјекти преку медиумите треба да бидат поинформирани за значењето на Охридскиот рамковен договор, кој треба да се чувствува како појдовна точка за градење на една меѓуетничка доверба, за да се прифати како "документ на компромисот за враќање на мирот",[12] како документ кој веќе е имплементиран во Уставот и делумно во законите на Република Македонија, дека рамковниот договор значи унапредување и градење на стабилни меѓуетнички односи од чие целосно имплементирање во голема мерка зависи и за иднината на замјата. Со неговото имплементирање треба да се овозможи демократичност и внатрешна стабилност согласно НАТО стандарди, што е патоказ за конечно членување на Република Македонија во НАТО.

Во функција на реализирање на целта за полноправно членство на Република Македонија во НАТО, граѓаните преку медиумие треба да бидат поинформирани за Годишната национална програма за подготовки на Република Македонија за членство во НАТО и за другите важни документи како што е и Националната концепција за безбедност и одбрана. Отвореност на Владата на РМ за медиумите, за тоа како можат да се спроведат успешно активностите за евроатлантските интеграции, забрзувањето на внатрешното интегрирање во државата, на сите заедници што живеат во Република Македонија, што е од особен интерес за државата. Потоа, државната политика, преку медиумите, треба да ги афирмира пораките предвидени во Рамковниот договор во Анексот Ц за имплементација и мерки за градење доверба, кои се прецизирани и со јасни прашања: за недескриминација и правилна застапеност со преземање на конкретни чекори за зголемување на застапеноста на припадниците на заедниците, кои не претставуваат мнозинство во Македонија, во државната администрација, војска или во АРМ и во самото Министерство за одбрана, Министерството за внатрешни работи и во другите безбедносни структури.[13]

Афирмација на новата реалност во земјата по прекинувањето на непријателствата и промовирање на еден позитивен вербализам за помирување меѓу страните кои учествувале во конфликтот: за враќањето на присилно иселените лица и итна обнова на нивните домови и на економските капацитети уништени во конфликтот од 2001 година, за афирмациа на политички аспекти за враќање на довербата меѓу граѓаните од различна етничка припадност, за почитување на човековите права и слободи и уставно загарантираната рамноправност на граѓаните независно од нивната етничка, верска или идеолошка припадност, праведна застапеност на заедниците кои не се во мнозинство, во законодавната, извршната и судската власт; афирмација на потребата и реалноста за употреба на албанскиот

---

[12] ICG, Internacional crisis group, Izveštaj za Balkanot br. 135, noemvri 2002, vo vrska so parlamentarnite izbori vo 2001 godina vo Makedonija, konstatiraat "Tie izbraa Vlada koja go prifaća Ramkovniot dogovor, sklučen pod pokrovitelstvo na EU, SAD i NATO, Ohrid, avgust 2001, za da se stavi kraj na građanskata vojna. Ramkovniot dogovor predviduva rešavanje na međuetničkite prašaw a po pat na konsenzus, a ne ednostavno so podelba na plenot."

[13] Nacionalna koncepcija za bezbednost i odbrana, Vlada na RM, Skopje, 2003

јазик и на јазиците на припадниците на заедниците, реформи во Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, реформи во локалната самоуправа кои ќе бидат во согласност со обврските предвидени во Рамковниот договор.[14]

За овој период кој стои пред нас (2003-2006) е потребна медиумска преставување на новата воена и политичка физиономија на НАТО, презентирање на политичката безбедносна физиономија со појаснување на стандардите за прием во НАТО преку Декларација од Самитот во Прага (ноември 2002). Согласно со Декларацијата од Самитот во Прага, Република Македонија, за поуспешно приближување кон НАТО, треба да се вклопи во НАТО препораките за: градење мултиетничка демократија; искоренување на организираниот криминал и корупцијата и цврсто воспоставување на владеењето на правото; имплементација на Охридскиот рамковниот договор, да соработува на регионално ниво и целосно да ги почитуваат меѓународните обврски. Во тој контекст може да се констатира и потребната соработка за регионалната безбедност во Југоисточна Европа и НАТО и да се насочуваат насоките за исполнување на стандардите за: поставување добрососедски односи, базирани на меѓусебно признавање, почитување на човековите права, развојот на активностите и билатералните односи, јакнење на заедничката доверба и на елиминирање на сомневањата во однос на целите и интенциите за мирно решавање на политичките несогласувања.

Медиумите можат да одиграат важна улога во земјата и во Регионот за афирмација на "Регионалната соработка"[15] за соработка со соседите Бугарија, Србија и Црна Гора, Косово и Албанија, како потреба за заемна безбедност во рамките на НАТО стандардите, движење кон системот на слободна пазарна економија, надминување на сите бариери од политички, меѓугранични, административни и идеолошки карактер во однос на слободното движење на луѓе и стоки меѓу овие држави. Од стабилизацијата кон НАТО интеграцијата е очекуваното мото на идната Агенда за проширување на НАТО, особено за земјите потписнички на Јадранската повелба, Македонија, Албанија и Хрватска, да бидат поканети во 2006 година за членство во НАТО. Во тој контекст, со "интегрирањето на Република Македонија во НАТО структурите заедно со Албанија и Бугарија"[16], со проширување на тој круг во иднина и со нови членки: со Косово, Србија и Црна Гора, Б и Х и Хрватска, ќе се зајакне и економската, политичката и безбедносната соработка и, на тој начин, е "можно балканскиот регион веќе да не претставува товар на Европа туку нејзин интегрален дел."[17] Таквите интеграциони процеси, со мотото дека границите се посигурни доколку оседите се отварат меѓу себе. Такви процеси водат кон

[14] Годишна програма за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО, Влада на РМ, Скопје, 2003

[15] Види поопширно NATO Handbook, NATO Office of information and Press, Str .93-94, Brussels, 2001

[16] Institute for Regional and International Studies, Bulgaria for NATO - 2002, Open society foundation Sofia, Sofia, 2002

[17] Види: Конференција Босна и Хрецеговина у Европи, Мноство идентитета - Граданска повезаност, Ханс Косцхник, Повратак избеглих као приоритет, стр. 37-40;

Noel Malcolm, Razliitost, civilno društvo i bosanski idenditet, str 55- 63 Zbornik radova, Sarajevo, 2001

стабилизирачки мир и стабилност и се афирмираат универзалните вредности и принципи кои се однесуваат на правата, слободите и одговорноста на човекот, преку кои треба да се создаваат услови за соседско приближување, меѓународно приближување на народите и државите. Тие вредности претставуваат основа во општествените процеси и односи кои можат да бидат позитивни настани и движења.

Во духот на НАТО и европската интеграција, во рамките на Пактот за стабилност во Југоисточна Европа, информативното поле на Балканот ќе може да има заеднички допирни точки во информативен, политички, економски, безбедносен, културен, мултимедијален план. Затоа, во балканските земји кои ги прифатиле НАТО вредностите би можело да се развива медиумска дејност која во нејзините програми ќе ги афирмира проектите од аспектите за регионална соработкана и ќе ги извади на површина сфаќањата за евроатланските интеграциони вредности. Во рамките на овие интеграциски вредности, народите на Балканот имаат потреба за еден зеднички прозорец од медиуми од каде би можеле да се гледат најсветлите хоризонти на човечката комуникација. На тој начин медиумите би го претвориле Балканот во простор за слободна комуникација на вредностите, идеите и капиталот. Можеби, потоа примерот на медиумите, посмело ќе го следат и политичарите, чиј протокол секако ќе се оживотворува спрема ентериерот кој зближува народи и ги стабилизира сеуште вознемирените далги на политичките случувуња во Југоисточна Европа.

Медиумската политика за афирмација на интеграциските процеси за приближување на Република Македонија кон НАТО во контекст на унапредувањето на демократијата и заштитата на човековите права треба да се свати како темел на политиката за проширување на НАТО во Југоисточна Европа, за афирмација на демократските вредности, и "приближувањето и зачленувањето на Република Македонија во НАТО, треба да се афирмира како вистинско решение за траен мир и економска и политичка стабилност во земјата".[18] Со тоа преку медиумите можат де се посочат и приоритетите или добивката со членувањето на Република Македонија во НАТО, како што се: заштита на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија; зголемување на улогата на Република Македонија во системот на колективната безбедност; зацврстување и унапредување на демократските процеси; обезбедување стабилен мир и зголемување на шансите за странско инвестирање на земјата што ќе придонесе за подобар економски развој и за подобра социјална благосостојба.

---

[18] Challenges of the post- Conflict Reconciliation and Peace – building in Macedonia, Geneva centre for the democratic control of armed forces – Faculty of Philosophy Skopje, Nazmi Maliqi, str. 192-196, Makedonska riznica, Kumanovo, 2003

## Заклучок

Идејата за проширување на НАТО е како демократски процес, а не како еднократен настан и треба да се сфати како патоказ за проширување на зоната на безбедност во регионот на Југоисточна Европа. Во овој контекст може да се констатира дека внатрешната стабилизација на земјата се постигнува со исполнување на одредени стандарди кои би придонесле за приближувањето на Република Македонија кон ЕУ и кон НАТО, "со почитување на човековите права и слободи, кои претставуваат и како придонес за градење на мирот во Република Македонија и како основа граѓаните, пред се, да се чувствуваат сигурни, да се рамноправни, да имаат благосостојба и како земја да бидеме што подалеку од периоди на сиромаштија и нестабилност."[19] Со тоа се создаваат основи за поголема доверба, поуспешни и поприфатливи реформи во во сите сегменти на општеството, толеранција од секаков вид меѓу Македонците, Албанците и другите и зближување на граѓаните кои живеат на овие простори и оживотворување на напорите на демократските сили за изградба на мир и стабилност.

[19] Nazmi Maliqi, Toleranca politike në funksion të paqes, Fondacioni Friedrich Ebert, Shkup, 2001

*Ѓунер*
**ИСМАИЛ,**

диектор на
двонеделникот ФОРУМ

# Од флуиден „кандидат“ до позиција на член

Историските факти говорат дека Република Македонија својот државно-правен субјективитет го датира од 2-ри август 1944 година. Оттогаш па се до 8-ми септември 1991,Република Македонија сите аспекти на постоење ги консумираше во рамките на Федерацијата (СФРЈ).

Заради исцртување на вкупните околности мораме да одиме уште поназад за да ги констатираме историските факти кои ни говорат за историски континуитет, на идеите и на потфатите, од кои произлегло вистинското конституирање на самостојната држава, или пак за некои други облици на постоење, во кои за тоа не може да се говори, ,со вистинските атрибути. Накусо, тие историски факти говорат за востаничките епизоди (Кресненско-Разловечко востание, Илинденско востание), за времето после Првата светска војна (СХС, Кралство Југославија), па се до 1941-та. Тоа е период во кој што се наѕираат облиците на подоцнежната членка на Федерацијата, а денес самостојната држава. Сметам дека е потребно да се спомнат овие процеси (идеи за посебност; за ослободување; вооружени артикулации; почетни ситуирања и сл.) заради разјаснувања на процесот со кој што денес се соочува самостојната Република Македонија, од една страна, а од друга страна пред нас се исцртуваат рамките на исклучително сложените околности (географски, историски, политички, воени).

Ќе биде многу корисно, ако се додаде дека: во овој период, во ова, конкретно подрачје, освен востанијата на тогашните народи, или нивни делови, во рамките на Отоманската империја, тука се водени (од историски аспект, можеби објаснети причини) и Балканските војни, две светски војни, се распадна една голема империја, се распадна и се уште се распаѓа градбата на тнр.биполарен свет, се распаѓа и се уште се распаѓа Федерацијата Југославија, вклучувајќи ги и сите нејзини денешни модификации. Во тој ист период ,освен војни и распаѓања, се случуваат и

воспоставувања на нови држави, сојузи, процеси на колонизација, деколонизација, распределувања и прераспределувања на економски, политички и воени влијанија, за да на крајот, во рамките на процесот на "Глобализација", и ние бидеме непосредни сведоци на почетоците на исцртувањето на една нова архитектура на светот.

## Распаѓањето на СФРЈ

СФРЈ почна да се распаѓа уште на самиот почеток на проектот "Распаѓање на комунизмот"- некаде кон средината на осумдесеттите години на минатиот век. Политичките елити кои што управуваа со тогашна Социјалистичка Република Македонија беа меѓу последните кои што таа вест ја дознаа! Тоа резултираше со една потполна неподготвеност за сложениот процес на распаѓање на Федерацијата, а уште помалку за разбирање на процесот на исцртување на новата архитектура на светот! Ова резултираше со потполно отсуство на собирање и мобилизирање на ресурсите заради продуктивно (за државата-државничко)прилагодување на процесите кои што следеа. Делумната слика на општите состојби, изложена погоре укажа на тоа дека на овие простори не недостигале идеи за државотворност, но веднаш треба да се додаде дека е сосема очигледна недоволноста на тие идеи, кои пак, дополнително биле успани, во удобниот скут на Федерацијата која што беше, да се потсетиме-според тогашните идеолози: "...најдобро реализираниот рецепт, од сите дотогаш познати, за социјалистичко општество,!". Недоволниот капацитет на елитите овозможи Македонија својата самостојност да ја извојува со една политика на "...низ иглени уши...!", потпирана на една поинаква концентрација и насока на доминантна спрега на сили ("Србија"), кон други подрачја (Босна, Хрватска), со нешто итрина, со минимална историска памет и ништо повеќе. На планерите кои што ги насочуваа активностите на ешалоните (Југословенската армија, тајните служби, инфраструктури) им недостигаа доволно ефективи (воени, инфраструктурни и сл.) за  во врска со Македонија да изведат еклатантна акција, па се решија за (привремено)повлекување, потпирајќи се, пред се, за во иднина, на една со децении воспоставувана инфраструктура, како и на констелации во кои тактот ќе може да се диктира повторно од нивна страна.  Од друга страна, со оглед на тоа што доминантните процеси беа водени токму од нив, значи гледајќи малку подалеку,  нивните активности ги градат врз предвидувањето на околностите кои што во идниот државно-правен субјект ќе се создаваат и во кои што околности, нивната инфраструктура ќе се чувствува многу удобно.

(Бидејќи ова не е непосредната тема, само како напомена: процесот на распаѓање како на тнр.биполарен свет, така и на социјализмот/комунизмот,па така и на СФРЈ, авторот на овој труд воопшто не го третира како спонтан, или како резултат на "внатрешните слабости на системот", туку смета дека, помеѓу останатото, сепак станува збор за еден проект планиран и воден многу сериозно, барем во некои негови елементи!)

***ОСАМОСТОЈУВАЊЕ – ПРВ ДЕЛ***

Значи во овие околности, безмалку затекната, Република Македонија по еден успешен референдум (на 8-ми септември 1991-та) ја прокламира својата независност и започна со изградбата на институциите на самостојната држава.

(Уште при самата формулација на референдумските платформи и конкретното прашање, македонските политички елити оставија простор за двоумења: тука мислам на тнр.Втор дел, од референдумското прашање!)

Дека процесите на осамостојување се ужасно бавни и дека и по-мобилизирани држави, со поголеми капацитети, го водат со огромни тешкотии, сосема е јасно. Процесот на осамостојување, како додаток на сето, ги има и дополнителните, отежнувачки околности. Имено, освен политичкиот банкрот на претходниот систем на вредности и врз него градените институции, паралелно се случуваат и други неволји. Економијата на СФРЈ се потпираше на еден "специфичен" модел на диригирана ( во случјот на СФРЈ-"договорена") економија, која што, како и идеологијата, не ја издржа пробата на времето. Прилагодувањето на економијата, како услов без кој што не е можен опстанок, го подразбираше повторното титулирање на сопственоста-приватизација, што преведено на поинаков јазик, подразбираше прераспределба на општественото богатство. Дополнително, законскиот амбиент во кој што требаше да се одвиваат овие процеси беше неизграден, значи со минимална законска регулатива, со централизирани овластување на Владата и администрацијата, кои ќе имаат многу дискрециони права, управување со многу директиви, декрети и сл. Фактот што во едно општество се одвива процес на прераспределба на богатството е сам по себе доволен знак за аларм, но за несреќа Македонија ја снајдоа и дополнителни неволји, кои резултираа со разни облици на патологии.

Бидејќи Светот веќе беше почнал да функционира според новата логика на процесите, па како еден чекор во таа насока беше економско-политичкото ембарго врз Југославија, единствен сосед на Република Македонија, со кој што таа дотогаш беше изградила сосема солидни инфраструктурни, економски, технолошки врски. Преку ноќ, Македонија беше ампутирана од еден организам и оставена да се бори за опстанок.

Од друга страна Република Грција, водена од "неразбирливи" причини охрабрена, толерирана од механизмите на алијансите (НАТО, ЕУ) чиј што, да не се заборави (!) полноправен член беше, воспостави еднострана економска и политичка блокада кон Република Македонија, која што го дополни збирот на неволји, речиси до неиздржливост!

Целиот овој очаен амбиент (градење на институции во услови на банкротирани институции, недостиг на регулатива, прераспределба на богатството-приватизација, банкротирана економија, ембарга, постепено јакнење на спрегата криминал-тајни служби итн.), се надогради со мултиетничката композиција на македонското општество. Познавачите знаат дека мултиетничката и мултиконфесионална композиција на СФРЈ беше искористена како одличен повод за сите видови на потпалувања на воените огнови на територијата на поранешната СФРЈ. Македонската

ситуација не се разликуваше со ништо, во смисла на композицијата, со оглед на тоа што како и другите членки на Федерацијата, внатрешните односи ("Решавање на националното прашање") ги разрешуваше со помош на идеолошки формули, идеолошко-полициска контрола, со "хармонично" подгревање и ладење на балансите на влијанија, намерни фаворизирања, намерни назадувања и сл. Еден многу компилициран механизам, кој , кога ќе се видат крајните резултати, овозможи преку триста илјади мртви, како резултат на еден неминовен (диригиран!?) расплет!

Но, покрај сето наброено, Република Македонија опстана!

Прашањето е: Како?

### *НЕЗАВРШЕНИОТ МИР – ПРВ ДЕЛ*

Ова е констатција на Карнегиевата комисија донесена веднаш по Балканските војни. Во моментите на распаѓање на СФРЈ, покрај површниот впечаток дека глобалните играчи не разбираат за што станува збор, сепак околу Македонија се создаде еден, на прв поглед, необјаснив консензус. Она што се правеше кон Србија (Југославија)-за сметка на Македонија и она што и се дозволи на Грција, да и го прави на Македонија, беше компензирано со еклатантно присуство на една успешна превентивна воена мисија (УНПРЕДЕП), со јасна, а од некои држави дури недвосмислена поддршка на нејзината самостојност. Познавачите знаат дека механизмите на ООН за вакви мисии познаваат само консензус и може да се рече дека, во тој момент, поуките на Карнеги во врска со Македонија, биле прочитани точно, иако само со (при)времен рок на траење! Ова е само еден дел од објаснувањето за "поддршката", бидејќи другиот дел подразбира и дел на работи кои можат да се подведат под формулата-Тактика на големите играчи!

Тоа е времето (1991-1999) кое што на Македонија и беше дадено како простор во кој што ќе треба(ше) да го изманеврира, моделира својот опстанок.

### *ОСАМОСТОЈУВАЊЕ – ВТОР ДЕЛ*

Осамостојувањето започна со донесување на Уставот на РМ. Уште на почетокот се направија неколку гнили компромиси и Македонија доби Устав кој што целиот мирисаше на компромисерство, карактеристично за безбојниот, безмирисен комунизам од неговите најдекадентни, последни денови. Кон него имаше јасни резерви на албанскиот политички фактор, во него преовладуваше дух на недоследен централизам (едностепена локална самоуправа!), недефиниран однос на државата кон граѓанинот итн. Беше јасно дека зад тоа стојат гарнитури кои покрај многу незнаење за тоа што точно значи да се прави држава, беа преполни со интелектуална надуеност, а како такви и сосема погодни за манипулација од страна на многу вешти ("стара школа") играчи! Но, и покрај наброените, денес веќе констатирани и (делумно!)отстранети слабости, Тој Устав сепак овозможуваше доградување на системот во многу негови елементи.

Многу е битно, а тука сме веќе кај темата, да се каже дека идеи, ама само идеи, за тоа како треба да изгледа државата, институциите, условно речено, на

теориско ниво, постоеле секогаш. Но, во моментите на градење на осамостојувањето, немаше никаква идеја за тоа: Како треба да се разградуваат, како треба да се изврши ***демонтажа*** на институциите на старата држава-Режим?

(Не треба да се земаат предвид идеите на примитивниот антикомунизам, генерирани потполно неавтохтоно, од политички групации за кои беше јасно дека се теледиригирани! Овие идеи беа само поттик за едно чудно, подоцна се покажа непродуктивно мобилизирање околу едно **лажно "Зачувување на континуитетот"**, со што се покажа еден висок степен на недостиг на вистинска државотворност кај елитите кои, божем, се беа нагрбиле да ја прават државата!) На пример: Оваа квази-државотворност мислеше дека: "Како ќе се создаваат институциите на новата држава, старите(институции) ќе се укинуваат, ќе исчезнуваат-по автоматизам!!!".

Во многу случаи можеби е така, но една работа не треба да се заборави! Имено, секоја институција си е еден организам со свои специфики и сложеност. Особено институциите од областа на одбраната и безбедноста! Познато е дека по првата декада на транзиција еден од најважните параметри според кој се мери степенот на напредок, демократизација, способност за интеграција во асоцијациите, е степенот и успешноста во ***демонтажата*** на старите одбранбени и безбедносни структури! Од таа процена, или поточно од успешноста на процесот на демонтажа, зависи целата градба на механизмите на самозаштита на тоа конкретно (поранешно комунистичко) општество.

Во најголемиот број поранешни социјалистички држави овој процес се одвиваше полесно заради нивниот унитарен карактер и заради, сепак, некаква поделба на работите во рамките на поранешниот Варшавски договор, како и политичкиот консензус постигнат помеѓу политичките субјекти (партии).

Со Македонија случајот не беше таков, така што покрај тоа што за *демонтажа* **воопшто не стана збор**, се случи спротивното! Итноста на другите "важни", приоритетни, работи, крстени со клучниот збор-*ОПСТАНОК*, на политиката и наложи потреба од чудни осојузувања со структурите и инфраструктурите од секторите (пред се безбедноста), испуштајќи ги од вид (намерно!?) за сите познатите податоци за поранешните релации, заедничките проекти (во рамки на Федерацијата), пенетрациите кон и од криминалот за потреби на воено-потпалувачките активности итн.

Исто така, амбиентот на приватизација (поврзано со интензивно корумпирање на администрацијата и политичарите), државно диригирање, управување со процесот на "контролирано" кршење на ембаргото кон Југославија со целосна асистенција на "проверени професионалци" од делови на поранешните тајни служби, што овозможи појавување на типични олигархиски структури, во кои многу често главен збор водеа, токму актуелни, или пак поранешни припадници на тајните служби на СФРЈ (Македонија). Дека нешто не е во ред се виде уште при процесите на плурализација на политичкиот простор. Уште тогаш, при настанувањето на некои политички партии, е сосема видлив ракописот на тајните служби, а некаде како високи функционери на некои партии се појавија поранешни припадници на југословенските служби!

Потоа, во процесот на градењето политичките партии, освен тоа што не изградија свои, внатрешни демократски механизми, не успеаја да се спасат од нападите на нивните партиски агитатори, тнр.заслужни членови и сл. и мораа да ги концесионираат со секакви бенефиции (вработување според партиски клучеви, непотизам, повластувања во вршење на бизнис-активности итн.). Особено е важно да се каже дека целиот правосуден апарат (судови, обвинителства) во голем процент се воспоставуваше според нерегуларни (партиско-роднинско-бизнис-криминални) критериуми!

Кога ќе се земе предвид досега реченото, сосема е јасно дека Македонија и покрај некои евидентни успеси во напорот да воспостави некаков регуларен поредок, да воспостави стабилност, мир, владеење на правото, не успева во целост, или погрубо речено-во континуитет на нејзините врати тропа криза! "Обидот" за воспоставување на зона на мир и стабилност се покажа како *Невозможен*, или најточно како *Недовршен потфат!*

### *НЕЗАВРШЕН МИР – ВТОР ДЕЛ*

После симнувањето на Милошевиќ од власт, а после НАТО-акцијата врз (СР)Југославија, на Балканот остана една невралгична точка-тнр. Албанскиот корпус прашања.

Имаме предвид дека историската граница од пред Првата светска војна-на Дрина, сега засега, барем навидум, изгледа стабилно!).

Ова (Албанскиот корпус) е една сложенка која што ги подразбира прашањата поврзани со Косово и Јужна Србија од една страна, а од друга страна прашањата сврзани со понатамошната изградба на релациите внатре, во Македонија.

Веќе рековме, македонските политички елити не успеаја да продуцираат држава (правна) до крај, со сите аспекти, достојни за постоење на една држава. На политичко ниво на нештата, се оствари еден чуден композит (Државно-правен субјективитет) со кој што управуваа меѓуетнички коалиции, кои функционираат врз основа на псевдо-политички договарања, а по малку и со притисок, или пак супервизија на глобалните играчи. На економско ниво тој композит е една генерирана конфузија во јавниот сектор, сива економија и специфично разбирање на пазарното стопанство, подржуван од донации и девизни дознаки од странство. Внатрешниот мир, најчесто, е плод на концесии кои не се само на полето на реалните човечки права и слободи, туку многу често и во сферата на еклатантниот криминал. Ако се има предвид дека Албанците на Косово (популација која што во еден дел е во тесни-роднински врски со дел од Албанците во Македонија) долги години под режимот на Милошевиќ живееја во еден (Од страна на Милошевиќ заради, до крај, необјасниви причини-толериран!)паралелен-илегален систем, стануваат возможни претпоставките дека таа подземна мрежа (доминантно во функција на секојдневниот опстанок) во себе ја крие опасноста за влез на сите видови илегални и криминални активности. Не треба да се испушата од вид дека криминалот во неговите најорганизирани облици, на Балканот како родно место ги има канцелариите на поранешните и сегашните тајни

служби! Исто така, веќе длабоко криминализираниот македонски елемент (во композиција опишана погоре), Албанците мораше да ги вклучи во нивните активности, пред се заради територијални причини (коридори низ Косово, кон Црна Гора и Србија), како и заради големата разгранетост на албанската емиграција низ Европа и Америка!

Сето тоа е една чудна, но пред се експлозивна смеса, која што тешко се контролира! Околу контролата треба сосема јасно да се каже дека досега не се регистрирани поголеми и реални проекти и операции, освен една огромна шума на декларации, конференции, поединечни искази и сл. а сосема е видливо дека сите инволвирани на Балканот, вклучувајќи ги и глобалните играчи, или немаат политичка волја за контрола, или не знаат, или пак со организираниот криминал соработуваат, следејќи некои свои политички агенди, во контекст на исцртувањето на Новата архитектура на светот!

Ако тука некаде ја резимираме состојбата, ако сведуваме некаков биланс ќе произлезат неколку заклучоци:

- Македонија објективно и сепак(поаѓајќи од глобалните и регионалните околности, како и од целата предисторија и случувања во текот на транзициските дванаесет години) произведе толку безбедност, колку што можеше! Прашањето за испуштените можности може да биде релевантно, само како поука за иднината и ништо повеќе и во таа смисла бара одредено внимание. Но, сепак билансот е тој и е видлив, како за локалните авторитети, така и за сите заинтересирани, од страна!

- Македонија, гледано субјективно, може толку, од проста причина што нејзините човечки ресурси се тие и толкави. Ако сакаме да бидеме недобронамерни, сосема лесно можеме да изведеме заклучок дека тие ресурси (дури и како проста бројка) се недоволни да создадт, да сочуваат, да градат држава. Притоа, таа Држава да биде способна да се грижи за себе, да не создава проблеми за околината итн. Во минатото, а и сега, не се непознати вакви размислувања/скепси околу способноста на граѓаните, луѓето кои што живеат тука. Тие скепси поаѓаат од "нејасни" позиции и во таа смисла дел од македонските неволји произлегуваат токму од очекувањата градени врз ваква аргументација.

Точно е тоа дека Македонија не може да ја гарантира својата безбедност со стопроцентен капацитет, но која држава во светот може да даде слична гаранција? Безбедноста, веќе одамна, не е само внатрешна работа на државите, туку на системите на колективна безбедност. Не се видливи причините заради кои Македонија не би требало да го примени истиот рецепт-партиципација во колективните системи, во случајов НАТО! Впрочем, во Македонија околу многу мал број прашања има политички консензус. Но, околу полноправното членување во НАТО, политичкиот консензус е на многу високо ниво.

Потоа, Македонија, сепак својот опстанок го одржува на релативно пристојно транзициско ниво и околу нејзе, не се видливи никакви посериозни закани, освен една **РАМНОТЕЖА НА АПЕТИТИ!**

(Тнр.војна, воена криза, сепак е една поголема сложенка отколку обичен меѓуетнички судир, бидејќи сосема се видливи потфатите кои во оваа операција беа

со сосема поинакви цели. Тука може да се зборува за "испуштање на converse"; "акцелерирање на кризен потенцијал"; "вадење сипаници"; "прејудицирање мобилизации"; "итерување на чистина на сите екстремисти" итн. Впрочем,целата таа приказна заслужува поинаква елаборација, па затоа, не навлегувајќи во други детали, сега засега ќе ја подведеме под тезата за некакоков "Кризен менаџмент со долгорочни цели").

Во овој биланс-резиме, сепак ќе мораме да констатираме декаа "долго посакуваниот и очекуван мир", никако да стигне во неговата дефинитивна форма и дека процесите на пацификација на регионот се одвиваат со некаква динамика на нагоре-надолу, што во крајна линија го доведуваат во прашање не само постоењето на Македонија, туку и мирот регионот гледан најшироко-Медитеран!

## Што понатаму?

Веќе рековме. Македонија, таква каква што е и дојдена до таму до каде што е дојдена, својата понатамошна судбина, својата иднина (одбрана, безбедност, просперитет) го гледа само во рамките на големите асоцијации, а најприоритетно-во **полноправното членство** во единствениот, проверен, сигурен, колективен систем на безбедност-НАТО!

Во изминатите дванаесет години Македонија (како и во сите други области) беше жртва како на внатрешни така и на надворешни конфузии! Во таа смисла никој не може да биде амнестиран! Но, би било крајно непродуктивно да се задлабочуваме во анализа на изворите на конфузиите, особено не во функција на откривање на некакви "виновници" внатре и надвор. Тоа сепак, ќе треба да и се препушти на некоја друга прилика.

Сега се нужни неколку практични и брзи чекори.

Имено, Македонскиот пат кон "интеграциите" неповратно е заглавен во лавиринтите на едно тактизерство на "сите заинтересирани", кои што тактизерството го крстат со клучниот збор-"стандарди и прилагодување", "процедури", а доколку и тоа им е недоволно, се потпомагаат со формулата-"Брисел/Монс-бирократија+процедури!". Македонските,пак, елити, а и соодветно модулираната јавност се занимава со архаични концепции за сувереност, за сојузништва, со разно-разни класични балкански фобии, со секојдневни теории за конспирации и сл.

Во целата ситуација треба да се поставаат неколку едноставни прашања:

1. Има ли некоја аргументација која што релевантно ќе ни покаже дека некаков брз/итен/ургентен прием на Македонија во НАТО ќе предизвика штети како за "принципите" на НАТО, така и за интересите на некоја поедина членка?

(Можеби такви аргументи има, но ниту Македонската јавност, ниту јавноста на членките, ниту пак, експертското милје, тоа досега не го виделе!)

2. Каква и колкава е оваа Македонија која што после еден ургентен прием во НАТО ќе биде толку "лош" член што ќе ги компромитира механизмите на функционирање на НАТО?

3. И објаснил ли некој на македонската јавност (тоа не е задача само на македонските политички елити, туку и на сите мисиии и мисионери во Македонија) во што се состои разликата помеѓу НАТО и ЕУ и дали таа разлика е суштинска, како прво, а како второ, знае ли јавноста на државите членки за каква и колкава опасност станува збор кога на Балканот од многу необјаснети причини се држи отворено и недефинирано прашањето на ФАКТОТ МАКЕДОНИЈА?

(Впрочем конфузијата на македонските политички елити е јасна и разбирлива. Кај нив "нечистата совест" го условува сервилното однесување кон било кој тактизер овластен да се претставува во име на "интеграциите", што во крајна линија резултира со расфрленост на ресурсите, со недостиг на било каква јасна македонска стратегија, со недостиг на искрена политичка волја, со лажни дилеми околу НАТО-ЕУ, со конфузии околу историските сојузништва итн. Од другата страна Албанскиот корпус никако не е на сигурно дека Македонија како држава нема да биде предмет на нови амбиции/ апетити, од кои што Албанците би можеле да излезат со "кратки ракави", онака како што излегоа после одлуките на Берлинскиот конгрес-1878 година. Затоа сосема се видливи, понекогаш експлицитните заживувања, поттикнувања на двојни агенди кај Албанскиот корпус, како сосема податлив за овие тактизирања околу Балканот!)

И на крајот:

Постои ли навистина некое поефикасно решение, невидливо за многуте заинтересирани, а особено за Македонија, кое што во регионот едно реално невралгично прашање ќе го затвори за многу долго време.

Таквото решение ќе треба, се разбира, да ги исполни следните услови:

- Република Македонија да ја доведе во квалитативно нова трајна позиција, од флуиден"кандидат"- во позиција на член!

- Да воспостави зона на трајна безбедност на релацијата исток-запад, без поголемо вознемирување на релацијата север-југ;

-Да ги обесхрабри сите поранешни и актуелни апетити околу некаква поинаква политичка географија на Балканот, а со тоа голем дел од она што денес на површината го гледаме како организиран криминал и други извори на нестабилност ќе мора да се дислоцира на други места: (Впрочем европските даночни обврзници мора да станат до крај свесни дека од досегашните извори на метастази кон Европа, Балканот е можеби најголемиот токму заради една необична нерешителност на нивните водства, мотивирана од тнр.глобални причини. Тие даночни ообврзници многу бргу ќе дознаат дека таквите изговори се само дел од вистината, а дека непреземањето на иницијатива, криењето на реалните состојби еден ден ќе ги чинат многу повеќе одколку досега!)

- Квалитативно новата позиција на **член** за Македонија ќе биде единствената можна и реална акцелерација за понатамошни потфати во насока на нејзиното вистинско прилагодување, како на полето на она што е тесна специјалност на НАТО, така и на полето на она што се подразбира како амбиент внатре во државата и регионално за околината;

***П.С.*** *Не мислам, ниту пак понатака ќе мислам дека е нужно да бидат напишани толку многу зборови, нафрлени толку многу аргументи, предупредувања, апели. Но сосема е извесно дека часовникот одамна ги има отчукано последните минути и дека агонијата мора да биде запрена. Се надевам дека нема да се соочиме со дополнителна лавина на празни контра-аргументи. Историјата е преполна со празни говори "контра", кои се платени со многу човечки животи*

*Владимир*
**ЈОВАНОВСКИ,**

новинар во двонеделникот ФОРУМ

# Фази на односот Македонија - НАТО виа македонскиот прес

Уште во, според македонските историски стандарди, далечната 1996 година, тогашниот американски амбасадор во Советот на Северноатлантската алијанса **Роберт Хантер (Robert Hunter)**, посетувајќи ја Македонија, го изрече следниов суд: Доколку вашата земја посакува да стане членка на НАТО, таа ќе мора од консумент да се претвори во произведувач на безбедност.

Тогаш оваа мисла во јавноста и политичките кругови предизвика повеќе збунетост, отколку сериозна анализа. Што, всушност, нејзиниот автор сакаше да каже? Во тоа време со темата "Македонско членство во НАТО", би се рекло на еден аматерски начин, се занимаваа две-три новинарки од НИП Нова Македонија - тогаш доминантен играч во сферата на печатеното новинарство - и еден до двајца министри, кои на ништо помалку аматерски начин продуцираа сказни од типот ние и Американците - 300 милиони. Политичката и медиумска елита имаше сосема искривена слика за солидноста и цврстината на македонската држава. Таа елита преку средствата за масовно информирање создаваше претстава за Македонија како оаза на мирот, зона на стабилност, итн. што со годините кои дојдоа се покажа како лага, поточно како себезалажување. Еве, и денес, тематизирањето на идејата за македонско зачленување во НАТО, ни изгледа по малку како мајтапење на самите со себе, имајќи ги предвид неодамнешните настани околу село Ваксинце и препукувањата со налудничавиот командант Чакала. Имено, дали сме ние сигурни дека заслужуваме да не примат во најсилниот воен блок на светот, кога една банда во автомобил успеа да ја ракетира Владата, најголемата касарна и Судот (последниов дури двапати), па згора на тоа слободно да избега, и кога едно момче од 50-60 килограми  со дискутабилна ментална структура успеа еден период да ги држи во шах-позиција македонските безбедносни сили?

Второ, дали ние навистина посакуваме да влеземе во Северноатлантската алијанса, поточно дали е тоа вистинска и свесна желба на македонскиот народ? Расположението на Македонците, имајќи ги предвид резултатите од анкетите на јавното мислење, екстремно варирало по ова прашање. Така на пример, во некои поранешни години за кои говори почетокот на текстот, НАТО-интеграцијата имала неверојатна 90 процентна поддршка, за претходната 2002 тој постоток да се проближи до нулта-позиција. Имено, едно истражување спороведено кон средината на минатата година, покажа дека, на прашањето: -"кои меѓународни институции можат да придонесат за подобрување на состојбите во Македонија?" за НАТО се изјасниле несфатливо скромни 1,3 отсто! Овој податок го покренува и најсуштественото од сите прашања, кое се почесто се отвора и кај други аспиранти за членство, како на пример кај нашата колешка од Јадранската иницијатива, Хрватска, а тоа е: Дали на Македонија и треба НАТО?

Македонските медиуми се тие низ чија призма ќе се прекршуваат овие и слични прашања. Би се осмелиле да кажеме дека тие можеби и ќе ги дадат бараните одговори, или барем ќе ги обелоденат, бидејќи се место на кое мнението на граѓаните се среќава со волјата на владејачката класа. Нашата транзициска историја покажува дека медиумите се од круцијална важност за процеси каков што е приклучувањето кон Атлантскиот воен сојуз, што накусо ќе го прикажеме низ кратко потсетување на позначајните собития.

## Македонски НАТО-патриотизам

Република Македонија безмалку уште од моментот на своето осамостојување се определи за членството во НАТО. Треба голема упорност за човек да се присети на примери кои посочуваат на друга, а не северноатлантска ориентација. Некои професори од Факултетот за општонародна одбрана и општествена самозаштита своевремено пледираа за прогласување неутралност на Р. Македонија, а извесни минорни политички партии бараа воено-политички сојузи со православните земји. Но, грото македонски општетствено активни субјекти веќе на самиот почеток од нашата најнова историја се определија за НАТО. Во таа првична фаза, која траеше до средината на 90-тите, како што погоре и споменавме, тогашната власт мафташе со некаков си - така да го наречеме - НАТО-ПАТРИОТИЗАМ, при што никој не смееше ни да помисли да каже збор против САД и Западната воена лига. Тоа на своја кожа тогаш го осети тогашната опозиција (и сега е тоа: ВМРО-ДПМНЕ) кога таа, доведувајќи ја во прашање иницијативата за нудење на Криволак како тукашна американска воена база, се соочи со лавина критики, не само од владејачката структура, ами и од новинарите (меѓу кои - занимливо - мошне гласни беа денешните најзапалени провмровски пера). Тоа беше период на претпубертетска љубов меѓу Македонија и НАТО, која дури и на Американците им изгледаше сомнително. Тие на брифинзите и

коктелите предупредуваа дека ние се уште не сме се соочиле со тоа што значи НАТО и какви стандарди тој бара пред своите аспиранти. Меѓутоа, и оние новинари кои имаа привилегија да ги слушаат тие пораки, не ја разбираа нивната вистинска суштина.

Веќе во периодот 97/98 година идејата за евроатлантска интеграција почна да се забошотува. Додуша, македонскиот воен субјект тврдеше дека соработката со Алијансата напредува, се изготвуваа разноразни *Бели книги*, се примаа странски донации во борбени средства, леко оружје и опрема, кои потоа се прикажуваа преку средствата за јавно информирање, но реалната трансформација на вооружените сили и на севкупните општествено-економски односи, вклучително и на медиумската свест за вистинскиот напор потребен за вклучување во НАТО,премале. Тоа беше почетокот на втората фаза од НАТО - македонските релации, која траеше до воената 2001 година и која е обележана со снажни антиНАТО карактеристики, коишто можеби најверојатно дојдоа до израз токму во печатените и електронски медиуми. Овој период е буквално негација на првиот. Ако првиот претставуваше некаква некритичка обземеност и копнеж кон НАТО, овој второв беше негово негирање: омраза речиси кон се што содржи во себе натовско обележје, агресивност кон луѓето што ја персонифицираат и претставуваат Алијансата и солидарност со нивните експонирани противници и непријатели. (Ова секако се однесува на етничките Македонци, а не и на македонските Албанци.)

Всушност, отрезнувањето и спротивставувањето на Македонците спрема НАТО е директно врзано со домашните меѓуетнички односи и настаните во северното соседство, како и со стекнувањето впечаток дека Американците и нивната Алијанса се сојузници на Албанците, и дека во даден момент тоа пријателство меѓу Американците и Албанците виа НАТО ќе им наштети на македонските национални интереси. Овој став сосема отворено го прифатија и македонските медиуми, по што започна ледената фаза на нашите односи со Северниот Атлантик.

## Бегалската криза ја расипа НАТО-македонската идила

Кога настана промената на власта во 1998 година, улогата на НАТО-скептици не ја глумеа оние што денес ги знаеме како такви. Поддршката што Западот им ја даваше на тогашните антикомунисти и ним блиските медиуми, предизвика реакција кај левицата и нејзините гласила. Последниве - гласилата значи, под влијание на левата коалиција - ја искористија Косовската војна и бегалската криза во Македонија од првата половина на 1999 година за да разгорат еден мошне јак антиНАТО сентимент чие дејство се чувствува и ден-денес. Се случија тогаш доста лоши работи: националистички протести, напади на амбасади, солидаризирање со **Слободан Милошевиќ** и неговиот "напатен", а бомбардиран народ итн. Активни, можеби најактивни учесници во таа против-американска кампања, беа извесни медиуми. (Треба да се потенцира и овој феномен: некои од тие медиуми денес се изразито

проамерикански, додека некои остана антиамерикански, што како појава не треба посебно да се анализира, - таа зависи од политичко-економскиот интерес и етничкиот бекграунд на соодветни уредници, односно медиумски газди.)

Со своето влијание меѓу граѓанството, информативните куќи постигнаа две работи: и промена на односот на Македонците кон НАТО, и промена на односот на НАТО кон Македонците. Како што ние осознававме дека Алијансата не постои за да не брани ако не нападне некој комшиски или домороден душман, така и Алијансата увиде дека оние кротки збутани Македончиња, штом осетат дека се загрозени, лесно се претвораат во разјарени агресивци кои не признаваат никаков меѓународен авторитет и го доведуваат во опасност сиот регион.

Странците беа особено изненадени од дејствувањето на медиумите. Нивната моќ за ширење противнатовски чувства особено дојде до израз во војната 2001 година, кога се изначитавме и се изнаслушавме секакви фабрикации и шпекулации за "улогата на Америка и НАТО во дестабилизацијата на Македонија и остварувањето на проектот Велика Албанија". Дали нашите колеги тоа го правеа од вистинско убедување дека тоа нависти се случува, или тоа беа конструкции кои ги создаваше, финансираше и лансираше тогашната Влада и нејзиниот премиер, немам сознание. Но, ако се погледнат на пример насловните страници на дневниот печат од јуни, јули, август или септември 2001, ќе стане јасно за што се зборува. Човек дури - кога ќе се потсети на се она што тие месеци беше изнапишано - му иде да се запраша зошто вакви форуми и конференции кога само до пред две години емоциите што доминирале во јавноста и кај народот биле апсолутно опречни на идејата за која ние денеска расправаме - евроатлантската интеграција. Настаните од 1999, 2000, 2001 и поголемиот дел од 2002 значеа пресврт во нашите односи со Евроатлантикот. Но, кога еден новинар или експерт потрезвено ќе ги погледне работите, ќе согледа дека пресвртот бил неизбежен. Тој пресврт, којшто претставува негација на претходната состојба тоест негативизам на нашите севкупни односи со Западот, значи не само на тие со НАТО, туку и на со Европската Унија, па и со ОБСЕ, Советот на Европа, дури и со поодделните земји од обете страни на Атлантскиот Океан, едноставно бил природен и законит, па дури би можело да се каже дека беше една пожелна ситуација.

Зошто еден пресврт кон сферата на негативното го прогласуваме за нужност или посакувана работа? Прво, затоа што претходната вљубеност, или поточно кокетирање меѓу нас и Западот и неговата воена асоцијација, беше на преголема дистанца меѓу двете страни и ниту ние разбиравме што,всушност значи НАТО, ниту тие сфаќаа што всушност претставува Македонија. И второ, поради нашето недоволно добро познавање на суштината на нашата за прв пат стекната независна држава, незнаење што предизвика воспоставување нестабилен уставно-правен поредок кој неизбежно беше еден ден да се распадне. Причините за ова ги знаеме и нема потреба пошироко да ги елаборираме. Распаѓањето на првичниот транзициски државен систем

на Р. Македонија и увидувањето какви се последици тоа може да му донесе не само на Регионот, туку и на Континентот, иницираше подлабоко инволвирање на Алијансата во македонските собития и нејзина контрола, ако не и команда врз нашите внатрешни работи. Таквата појава наиде на одбивна реакција од страна на етничките Македонци и се уште наидува, но таа дојде како политичка нужност, а претпоставувам дека повеќето тука присутни, од оваа перспектива, на тоа гледаат и како на посакуван развој на настаните.

Се на се, денес имаме комплетно изменета ситуација. НАТО е длабоко вмешан во македонските работи, особено во воено-политичките и безбедносните. Ова е сега третата последна фаза во нашите односи со односната Организација. Таа фаза би требало да заврши т.е. да финишира со наше членство или ако сакате со наше соединување со НАТО. Но, тоа не значи дека работата е завршена. Напротив, настаните во регионот и светот, како и напредокот на демократијата во Македонија, создадоа услови оваа етапа да биде можеби најинтересна за посматрање и новинарска анализа. Еве зошто.

## Македонскиот интерес и НАТО-членството

Во сиве овие 12 години самостојност, Македонија како политички субјект доживеа ретко видени трансформации. Дури и самите нејзини жители би можело да се каже се променија и тоа не само поради биолошката смена на генерациите. Во исто време, се менуваат и другите, а не само ние. Меѓу другото, се менува и самиот НАТО-сојуз. Тој повеќе не е онаа величествена сила што ја обожаваа малите, особено посткомунистички нации, и пред која треперела противниците од Источна Европа, до Азија и Африка. Тоа е сега организација со проблеми околу сопствениот идентитет, пројавени поради снемувањето на СССР, но и поради рецентните конфликти со довчерашните сојузници околу ирачката криза.

Македонија и македонските граѓани, но и македонските медиуми, тоа го гледаат. Политичката гарнитура што е сега на власт треба да има на ум дека народот што сега го владее и новинарите што го креираат народното мислење, не се слепи и неуки како порано, и дека будно ги следат настаните во и вон Македонија. Спомнавме претходно дека 12-те години транзиција драстично го променија карактерот и особините на македонскиот човек. Еден просечен Македонец сега не е ништо поразличен од еден Бугарин, Србин, Хрват, Унгарец па дури и Австријанец (овде не мислам на материјалната состојба, секако). Тој просечен граѓанин на Македонија прво што го гледа е својот и интересот на својата нација. Оттаму, неговото резонирање околу нашиот иден можен прием во НАТО веќе не е резултат на априорни аксиоми што му се сервираат преку владините канали за масовна комуникација, туку тие се во зависност од неговите проценки како тоа ќе му се одрази нему и на неговите сонародници. Дали тоа ќе донесе безбедност, благосостојба и просперитет или не.

Ова особено се однесува на македонското новинарство, и затоа не зачудува тоа што и организаторот на оваа дебата ја наметнал темата за медиумите и неопходноста од нивна поддршка во процесот на зачленување во НАТО. Но, сепак како да постојат обиди со квази-транспарентност и криптоманипулациски методи да се заобиколи потребата од директно и отворено соочување на аргументите поврзани со овој процес. Што сакаме со ова да кажеме?

Пред неколку дена, кога проструи веста дека Р. Албанија предложила да испрати свои мировници во Македонија, имавме деманти од званичните органи. Тие велеа дека односната изјава е истргната од контекст, дека повеќе била кажана на шега итн. Но информациите што стигнаа од Тирана говореа дека таков предлог навистина дошол од тамошниот министер за одбрана, што внесе полно конфузии во домашнава јавност. Вакви работи не смеат да се случуваат бидејќи создаваат недоверие во јавноста, особено кај новинарите. Понатаму, не треба да се смета на тоа дека медиумите беспоговорно ќе ја прифатат интеграцијата само ако им се плесне в лице тезата дека "тоа го изискува безбедносната стабилизација на земјата". Таква теза се исфрли пред некој месец, кога се кршеа копјата околу потпишувањето на договорот за аболиција на американските војници во Македонија. Аргументот беше дека тоа морало да се стори "поради ситуацијата". Македонската јавност повеќе не голта вакви општи, паушални убедувања. Тие дури можат да бидат контрапродуктивни. Зашто кога обичниот човек или новинарот ќе се задлабочи во нив, и кога самиот ќе дојде до целосниот одговор, тоа како болна вистина може да предизвика бумеранг-ефект и чувство дека, за некој да биде удоволен, некој мора вечно да попушта.

Оттаму, нужноста од искрен и отворен дијалог меѓу политиката и медиумите, па и цивилното општество, е услов без кој НАТО-интеграцијата е речиси невозможна. Тој услов е неизбежен како за домашните политичари, така и за резидентурата на НАТО, која ако сака да го крене рејтингот на Алијансата и да ја придобие јавноста во процесот на атлантско интегрирање, мора да биде поотворена за комуникација со јавноста, а не кога ќе се случат некои проблематични настани, да се кријат од новинарите и да ги заобиколуваат одговорите. Народот мора да се увери дека НАТО има чесни намери кон Македонија и подеднаков пријателски однос кон сите нејзини етницитети, а не само кон еден или два.

Конечно, за целиот тој процес да има смисла и да не се оддолжува во бесконечност, зачленувањето во НАТО-алијансата мора да има видлива и достижна перспектива. Ако се посакува медиумите и јавноста силно да го поддржат овој процес, тие треба да спознаат дека тоа толку посакувано членство е остварлива цел, и тоа не на долг или среден, ами на кус рок. Зашто овој народ, а верувајте уште повеќе овие медиуми, се веќе заморени од предлогата транзиција низ која минува нашава земја. Ние гледаме како повеќето околни нации почнуваат да го ѕирaат излезот од

тунелот и тоа не прави уште позагрижени. Овдешните граѓани со право очекуваат поканата за членство во НАТО да биде првото светло кое што ќе го означи почетокот на крајот на оваа наша транзициска агонија. И очекуваат тоа да не биде после неколку години, туку веќе идното лето. Македонската политика, без срам и комплекси, треба тоа очекување јавно да му го соопшти на Брисел, секако изразувајќи подготвеност да се плати соодветна цена плус, ако тоа биде потребно. Ако Брисел и Вашингтон не удоволат на тоа наше барање, тогаш ние со сето право ќе помислиме дека намерите на Алијанса и не се баш онакви какви што ни се прикажуваат.